ОПШТИНА ШТИП

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-269*
*3.07.2026*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2026 година со Одлука бр. 08-8839/1 од 29.12.2025 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.21), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета**

**по изготвен**

Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- На исток, се движи по осовината на собирната улица ул. Гоце Делчев;
- На запад, ја сечи КП 8132/1, ја сечи КП 8135/1, ја сечи КП 8135/3, ја сечи КП 8294/6, ја сечи КП 8135/2 ;
- На север, се движи границата на КП 8132/1, се движи по границата на КП 8005, се движи по границата на КП 8006/1, се движи по границата на КП 8134/1 и ја сечи КП 1386/1 ;
- На југ, се движи по границата на КП 8136/6 и ја сечи КП 1386/1.

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 3,02ха.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.06, КО Штип 5, Општина Штип ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

# ОПШТИНА ШТИП



Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 8 јули 2026 год (среда) и истиот ќе трае до 22 јули 2026 год (среда).

Јавната анкета и јавната презентација Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.06, КО Штип 5, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 23 јули 2026 (четврток) до 6 август 2026 год (четврток), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 28 јули (вторник) 2026 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Изработил:
Драгана Штерјова, дипл
Контролирал: Раководител на одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина, Дипл.инж.арх. Душица Узунова
*Одобрил: Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**